Република Северна Македонија
Министерство за социјална политика, демографија и млади

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve

MQS
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-1129/0

- Сектор за социјална заштита –
- Sektori për Mbrojtje Sociale -

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Примено / E pranuar: 02.12.2025
Орг. Един. / Njësi Org.: 49-8631/2
Прилог / Shtojcë:
Вредност / Vlerë:

**Архивски број:** 10-6678/3
**Датум:** 01-12-2025

**До:** Влада на Република Северна Македонија
Сектор за анализа на политиките и координација/Одделение за соработка со невладини организации

**Предмет**: Доставување на мислење

**Врска Ваш број:** 49-8631/1 од 18.09.2025 година

Почитувани,

Во прилог на овој допис, Ви доставуваме копија од мислење по однос на Предлог иницијативи за годишната Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година, поднесени од страна на Здружение за рехабилитација и инклузија на лица со Даунов синдром – Дневен центар „Доза Среќа".

Со почит,

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
Бр. 04-2154/1 од 07.03.2025 година
Дрита Аслани

Изработил: Катерина Николовска
Контролирал: м-р Слободанка Лазова - Здравковска


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија

Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve**

- Сектор за социјална заштита –
- Sektori për Mbrojtje Sociale -

**Архивски број:** 10-6678/2
**Датум:** 19-11- 2025

**До:**
Здружение за рехабилитација и инклузија на лица со Даунов синдром – Дневен центар „Доза Среќа"

Ул. „Ботун„ бр.17 а
1000 Скопје

**Предмет:** Мислење по однос на Предлог иницијатива за годишната Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година, поднесена од страна на Здружение за рехабилитација и инклузија на лица со Даунов синдром – Дневен центар „Доза Среќа"

Почитувани,

Во однос на Вашите Предлог – иницијативи со наслов „Иницијатива за враќање на дијагнозата Даунов синдром во Законот за социјална заштита", „Измена на законски одредби за унапредување на правата на лицата со попреченост- укинување на старосната граница од 26 години, враќање на „Посебниот додаток" и отстранување на дискриминацијата во правото на додаток за слепило за лица без родители во згрижувачки семејства", „Измена на Законот за социјална заштита", „Измена на Законот за работни односи и Законот за пензиско и инвалидско осигурување" доставени во електронска форма до Владата на Република Северна Македонија, Секторот за социјална заштита, Одделение за заштита и вработување на лица со попреченост заштита на стари лица во рамките на делокругот на своите надлежности, го дава следниот одговор:

Со измената на Законот за социјалната заштита, Министерството за социјална политика, демографија и млади има воспоставено нов модел на проценка на дополнителна, здравствена и социјална поддршка на дете и младинец базиран на Меѓународна класификација на функционирање, попреченост и здравје (МКФ) со која се врши менување на досегашниот начин на категоризација на децата со попреченост, согласно препораките на Комитетот на ОН за правата на лицата со


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

попреченост во неговиот извештај од 2018 година, да се обезбеди метод на проценка на попреченоста кој целосно го вклучува пристапот базиран на човековите права, како и елиминирање на многубројните проценки и како светски стандард за класификација одобрена од Светската Здравствена Организација во 2001 година, при што извршена е промена на законските одредби и воспоставен е, и законски детално е уреден начинот на категоризација на децата со посебни потребни. Подготовката на новиот модел за проценка на деца и младинци со попреченост во Република Северна Македонија започна уште во периодот од 2012 година, односно во периодот од 2019-2020 година новиот модел за проценка на образовната, здравствената и социјалната поддршка на децата и младите со попреченост базиран на меѓународната класификација на функционирање се спроведуваше негово пилотирање, по што се формирани девет стручни тима за функционална проценка на деца и младинци со попреченост.

Со воспоставувањето на моделот на функционална проценка на деца и младинци со попреченост надлежното министерство поддржа политики во кои што класификацијата на попреченоста значи обезбедување релевантни услуги врз основа на утврдените позитивни и негативни аспекти на фукционирањето на децата и младинците со попреченост. Меѓународната класификација на функционална проценка ги втемелува стандардните правила за изедначување на можностите на лицата со попреченост усвоени од Генералното собрание на ООН во 1993 година.

Во наодите на МКФ постои јасна класификација на информации кои што се однесуваат на функционирањето и попреченоста на децата и младинците со попреченост, но не поставува дијагноза, процес кој што е во надлежност на органите на Министерството за здравство.

Согласно член 4 став 5 од Законот за социјалната заштита определено „Лице со попреченост" е лице кое има долготрајни телесни, интелектуални, ментални или сетилни нарушувања кои во интеракција со различни пречки може да го спречат неговото целосно и ефикасно учество во општеството на еднаква основа со другите".

Согласно член 2 од Законот за системот на проценка на лица со попреченост, „Проценката на попреченоста, на нивото на преостаната работна способност и на потребната поддршка на лицето, претставува утврдување попреченост како долготрајна телесна, интелектуална, ментална или сетилна оневозможеност на лице, што во интеракција со различните општествени бариери може да го спречи неговото целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите граѓани.

Согласно член 3 од Законот за системот на проценка на лица со попреченост „Проценката се врши заради остварување права и услуги на децата и лицата со


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

попреченост утврдени во различни закони (меѓу кои Законот за социјалната заштита, Законот за заштита на децата, Законот за пензиско и инвалидско осигурување и др. закони.)

Согласно член 44 став 1 и став 2 од Законот за социјалната заштита „Надоместок заради попреченост се обезбедува за поттикнување социјална вклучување и еднакви можности на лице кое е: со тешка или длабока интелектуална попреченост, со најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице и потполно глуво лице. Надоместок заради попреченост може да оствари лице со навршени 26 години возраст, а се користи без оглед на старосната возраст на корисникот. "

Согласно член 46 од Законот за социјалната заштита „Правото на надоместок заради попреченост се остварува врз основа на конзилијарно мислење од првостепена комисија составена од тројца лекари специјалисти од соодветна терцијарна здравствена установа. Во постапката по жалба против наодот и мислењето на првостепената комисија за остварување на надоместок за попреченост, наод и мислење дава второстепена комисија од тројца лекари специјалисти од соодветна терцијарна здравствена установа, кои не го донеле конзилијарното мислење во прв степен. Начинот на остварување на правото на надоместок заради попреченост, потребната документација, составот на првостепената и на второстепена комисија, формата и содржината на конзилијарното мислење, како и надоместокот за издавање на конзилијарно мислење, го пропишува министерот во согласност со министерот за здравство. По исклучок од ставот 1 на овој член, лицата од членот 44 став 1 од овој закон, остваруваат право на надоместок заради попреченост, врз основа на наод и мислење од Службата за функционална проценка при Јавната здравствена установа - Здравствен дом Скопје.

Согласно Законот за детска заштита „За дете со попреченост до 26 години живот се обезбедува посебен додаток како паричен надоместок. Наодот и мислењето за потребата од остварување на посебен додаток се дава од Службата за функционална проценка, согласно Законот за социјалната заштита."

Врз основа на член 295 став 6 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 249/21, 99/22 и 236/22), министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за образование и наука и министерот за здравство изготвил Правилник за функционалната проценка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.9/23).

Барањето за остварување на правото на надоместок заради попреченост, како и барањето за остварување на посебниот додаток, се поднесува до месно надлежниот Центар за социјална работа, по што предметот се доставува до


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

- Сектор за социјална заштита –
- Sektori për Mbrojtje Sociale -

Комисија за проценка на попреченоста, која носи Стручен наод и мислење за вид и степен на попреченост, која проценка е функционална, односно Комисијата утврдува дали постои и во кој обем интелектуална попреченост која го ограничува лицето и дали истото има потреба од дополнителна поддршка.

Согласно горенаведеното, лицата со попреченост можат да користат посебен додаток преку Законот за заштита на децата, кој им следува на деца и младинци со потешки видови попреченост (вклучувајќи интелектуална), а по навршување на 26 години, правото се префрла преку правото на надоместок заради попреченост преку Закон за социјалната заштита кој е предвиден за возрасни лица кои имаат долготрајна телесна, сензорна, интелектуална или ментална попреченост, односно постои континуитет во остварувањата на правата и услугите кои произлегуваат од попреченоста при што е опфатен целокупниот животен век на лицето со попреченост.

Со почит,

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
Бр. 04-2154/1 од 07.03.
Дрита Аслани

Изработил: Катерина Николовска
Контролирал: м-р Слободанка Лазова - Здравковска


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk